ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет составен од судиите: Лиле Наумовска - претседател на советот, Жаклина Доведен и Никола Крстески - членови на советот, во правната работа на тужителот Благојче Јакимовски од Битола, против тужениот Блаже Јанкулоски од Битола, за надомест на нематеријална штета, со вредност на спорот од 100.000,00 денари, решавајќи по жалбата на тужениот изјавена против пресудата на Основниот суд во Битола МАЛВП- 766/2022 од 08.02.2023 година, на седницата на советот одржана на 04.12.2023 година, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужениот, СЕ ОДБИВА како неоснована.

Пресудата на Основниот суд во Битола МАЛВП- 766/2022 од 08.02.2023 година, во став 1 и став 2 од изреката, СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести на тужителот второстепените трошоци на постапката во износ од 5.202,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

О б р а з л о ж е н и е

Со обжалената пресуда, делумно се усвојува тужбеното барање на тужителот.

Се задолжува тужениот да му плати на тужителот справедлив паричен надомест на нематеријална штета поради повреда на личните права во износ од 40.000,00 денари со соодветна законска казнена камата сметано од 08.02.2023 година до исплатата, како и да му ги надомести трошоците на постапката во износ од 27.648,00 денари, се` во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

Поголемото тужбено барање на тужителот за нематеријална штета поради повреда на личните права до износот од 100.000 денари, како и барањето за трошоци на постапката до износот од 39.680,00 денари, се одбива како неосновано.

Против ваквата пресуда, тужениот во законски рок изјави жалба, со која пресудата ја побива поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, како и поради одлуката за трошоците на постапката. Предлага, второстепениот суд жалбата да ја уважи, пресудата да ја укине и предметот да го врати на првостепениот суд на повторно судење.

Тужителот преку полномошникот адвокат Никола Главинче од Битола во законски рок поднесе одговор на жалбата, со кој ги побива жалбените наводи како неосновани и предлага второстепениот суд жалбата да ја одбие и пресудата да ја потврди. Побара второстепени трошоци за состав на одговор на жалба во износ од 3.900,00 денари, 18 %ДДВ износ од 702,00 денари и судска такса износ од 600,00 денари.

Апелациониот суд во Битола, решавајќи по жалбата ја испита обжалената пресуда во границите на овластувањата предвидени во член 354 од ЗПП, ги разгледа списите во предметот, па по оценка на жалбата и жалбените наводи, наводите во одговорот на жалбата, најде :

Жалбата на тужениот е неоснована.

Со донесувањето на пресудата во делот на уваженото тужбено барање не е направена суштествена повреда на одредбите на ЗПП од член 343 став 2 точка 14. Ова од причини што побиваната пресуда нема недостатоци поради што може како таква да се испита, а во образложението на пресудата содржани се доволно јасни причини за решителните факти од кои се раководел првостепениот суд.

Неоснован е жалбениот навод за погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. Ова од причина што по оценка на Апелациониот суд фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, истата се темели на изведените и правилно ценети докази во текот на постапката, во смисла на одредбите од чл.7 и 8 од ЗПП, па како таква овој суд во целост ја прифаќа онака како што е утврдена во првостепената пресуда.

Од изведените докази првостепениот суд утврдил дека, со пресуда на Основниот суд Битола ПРК-Ј-124/21 од 01.03.2022 година тужениот бил огласен за виновен за сторен прекршок од член 12 став 1 од ЗППЈРМ и му била изречена прекршочна санкција глоба од 250 евра во денарска противвредност затоа што на 10.09.2021 година на ул.„АСНОМ" наспроти докторската зграда во Битола физички го нападнал тужителот, на начин што прво со вулгарни зборови го навредил, а потоа и физички го нападнал со еден удар со раце во пределот на лицето, поточно левото око. По поднесена жалба на пресудата Апелациониот суд во Битола донел пресуда ПРКЖ-423/22 од 05.07.2022 година со која пресудата ја преиначил само во делот на одлуката за изречената прекршочна санкција глоба, а во останатиот дел пресудата ја потврдил.

После настанот тужителот се јавил на преглед во Клиничката болница Битола и тоа на Одделението за ургентна медицина, а од таму бил испратен на Одделението за очни болести после што кај него била констатирана повредата нагмечување во предел на левото око.

Првостепениот суд утврдил дека во моментот на здобивање на повредата тужителот почувствувал болка од јак интензитет и тоа како резултат на делувањето на тапо тврдата сила во предел на левото око и околната регија. После тоа, болката го намалила интензитетот и во наредниот период поминала во болка со јачина од среден интензитет која траела во период од два - три дена. Во наредните 4 - 5 дена болката поминала во постојана болка со јачина од слаб интензитет, но која при допирање на местото на повредата била и со јачина од среден интензитет. Откако поминал период од недела дена постојаната болка кај тужителот престанала да постои и во период од уште 3 - 4 дена се појавувала повремена болка со јачина од слаб интензитет при допирање на местото на повредата. После поминат период од 10-тина дена, болката целосно престанала да постои.

Во моментот кога тужителот се приближил до тужениот, а тој го фатил со двете раце и го оттурнал, а потоа го повлекол кон себе и го удрил со тупаница во предел на левото око, тужителот сфатил дека настанала ситуација во која бил загрозен неговиот телесен интегритет, па кај него во тој момент се воспоставило трпење на примарен страв од јак интензитет, кој траел кратко време, само во моментот додека траел настанот, бидејќи веднаш после тоа тужениот бил оттргнат од присутните, а тоа било причина повеќе да не постои непосредна опасност за понатамошно повредување на тужителот, заради што примарниот страв престанал да постои. На примарниот страв се надоврзал секундарен страв, кој со оглед на видот и карактерот на повредата, првично бил со јак интензитет и траел до моментот додека биле извршени лекарските прегледи во КБ Битола. После извршените прегледи тужителот добил сознание за сериозноста на повредата и во наредниот период од 2 - 3 дена, односно додека имал назначена болка во предел на повредената регија, секундарниот страв бил со јачина од среден интензитет.

Во наредниот период со оглед дека здравствената состојба на тужителот се подобрила, секундарниот страв преминал во секундарен страв со јачина од слаб интензитет кој перзистирал во наредните 4 - 5 дена. После поминат период од недела дена, тужителот сфатил дека нема да има никакви проблеми со видот на повреденото око, поради што повеќе немало причина за трпење на секундарен страв. Кај тужителот во наредниот период од околу 30-тина дена се јавувал повремен страв кој бил ситуационо условен, односно страв кога го гледал тужениот кога поминувал на местото на настанот, но и страв да ја паркира колата на исто место како и критичниот ден. После тоа, со оглед на поминатиот временски период во кој настанот полека бледнеел, ваквото чувство на трпење на повремен страв кој се јавувал како последица на првично доживеаниот примарен страв, постепено престанал да постои.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, првостепениот суд согласно со чл. 9-а, чл.142 и чл.189 од Законот за облигационите односи, на тужителот му досудил надоместок за нематеријалната штета во вкупен износ од 40.000,00 денари со соодветна камата од пресудувањето, а поголемото барање над досудениот износ , го одбил како неосновано.

Во жалбата тужениот наведува дека, судот неправилно констатирал дека уредно бил канет за рочиштето кое се одржало на 08.02.2023 година, од причина што истиот немал лично потпишано покана за судско рочиште, а доколку ја добиел поканата ќе можел да присуствува на рочиштето и да ја изнесе својата одбрана, односно да предложи факти и докази за одбивање на тужбеното барање. На овој начин со оглед на тоа што не била извршена лична достава, првостепениот суд направил суштествени повреди на одредбите од постапката.

Ваквиот жалбен навод на тужениот е неоснован, од причина што видно од списите во предметот, односно од доставницата во списите на предметот, на тужениот му била доставена лично покана за рочиштето на 08.02.2023 година, која тужениот ја примил на 12.01.2023 година и во графата „примил" стои потпис на тужениот. Во прилог на тоа дека тужениот бил поканет и известен за рочиштето е и поднесокот од тужениот примен во судот на 08.02.2023 година, со кој тужениот го известил судот дека од здравствени причини нема да може да присуствува на рочиштето и во прилог доставил фотокопија од лекарски специјалистички извештај. Оттука, произлегува дека тужениот уредно бил поканет за рочиштето одржано на 08.02.2023 година, така што неосновани се наводите дека немал лично потпишано покана за судско рочиште. Од друга страна, тужениот со поднесокот само го известил судот дека нема да присуствува на рочиштето поради здавствени причини, а не побарал одлагање на рочиштето, така што неосновани се жалбените наводи дека му било оневозможено да изнесе факти и предложи докази, доколку повеќе што за рочиштето на кое што бил спречен од здравствени причини да присуствува, можел да ангажира полномошник за заштита на неговите интереси во постапката.

Ценети се жалбените наводи дека тужениот не бил во можност да плаќа толкав износ на нематеријална штета, бидејќи истиот бил пензионер, а воопшто немал придонес за настанот, туку единствено вината и провокацијата биле на страната на тужителот кој што бил полициски службеник, меѓутоа истите не се од влијание за поинакво одлучување.

Не е спорно дека во конкретниот случај на тужителот му припаѓа правото да бара од тужениот надомест на нематеријална штета, ако се има предвид дека со пресуда ПРК-Ј-124/21 од 01.03.2021 година на Основен суд Битола, тужениот бил огласен за сторен прекршок од чл.12 ст.1 од ЗППЈРМ, па врз основа на истата, правилно првостепениот суд ја утврдил фактичката состојба по однос на настанот и вината на тужениот.

Неосновани се и жалбените наводи дека досудениот надоместок бил превисоко определен и спротивно на чл.189 од ЗОО.

Согласно со одредбата од чл.189 ст.1 и ст.2 од Законот за облигационите односи, за претрпени физички болки, за претрпени душевни болки поради намалување на животната активност, повреда на угледот, честа, слободата или правата на личноста, смрт на блиско лице, како и за страв, судот ако најде дека околностите на случајот, а особено јачината на болките и стравот и нивното траење го оправдува тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест, независно од надоместот на материјалната штета. При одлучувањето за барањето за надомест на нематеријална штета, како и за висината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спојливи со неговата природа.

Имајќи ги предвид околностите на случајот, видот и карактерот на повредите кај тужителот и интензитетот и времетраењето на физичките болки и стравот, а притоа водејќи сметка за значењето на повреденото добро и целта за која служи надоместокот, а со него да не се погодува на стремежите кои не се спојливи со неговата природа, овој суд смета дека правилно првостепениот суд му досудил на тужителот надомест за нематеријална штета во вкупен износ од 40.000,00 денари, согласно со чл.189 од ЗОО.

По мислење на овој суд досудениот износ е реален и адекватен на претрпената нематеријална штета, и од аспект на моралната сатисфакција на тужителот, се постигнува целта за кој служи надоместокот, а за тужениот еден вид на реална парична казна за неговото противправно однесување со конкретниот настан, така што овој суд не ги прифати како основани жалбените наводи на тужениот во поглед на висината на досудената нематеријална штета.

Со оглед на успехот во постапката правилно првостепениот суд го задолжил тужениот согласно член 148 и член 149 од ЗПП да му ги надомести трошоците на постапката, кои се правилно пресметани согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на адвокатите и Законот за судски такси.

Врз основа на горенаведеното, а согласно со чл.357 од ЗПП, се одлучи како во изреката на оваа одлука.

Согласно со член 160 од ЗПП овој суд го задолжи тужениот да му ги надомести на тужителот второстепените трошоци во износ од 5.202,00 денари од кои за состав на одговор на жалба 3.900,00 денари, 18% ДДВ износ од 702,00 денари и судска такса за одговор на жалба износ од 600,00 денари.

Претседател на совет,
Судија,
Лиле Наумовска с.р.

АР/СИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

Верно со оригиналот потврдува
Овлас. работник